РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УСТАВЕН СУД
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Су.бр.799/26
22 јули 2026 година
Скопје

Врз основа на член 19 став 5 од Правилникот за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија Су.бр.46/21 од 20 јануари 2021 година, Су.бр.70/2022 од 24 јануари 2022 година и Су.бр.149/2023 од 26 јануари 2023 година, Уставниот суд на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 22 јули 2026 година, донесе

# ОДЛУКА
## за унапредување

1. Во звање советник се унапредува вработениот во Службата на Уставниот суд на Република Северна Македонија, со звање стручен соработник:
- м-р Ана Дојчиновска.

2. Оваа одлука ќе се објави на интернет страницата на Судот и ќе се смета за доставена до кандидатот со денот на објавата, а по конечноста на истата, секретарот на Судот ќе донесе решение за распоредување на вработениот од точка 1 од оваа одлука.

## Образложение

Врз основа на Годишниот план за вработување и унапредување во Службата на Уставниот суд на Република Северна Македонија за 2026 година Су.бр.1761/2025 од 23 декември 2025 година, на ден 16 јули 2026 година, на интернет страницата на Судот беше објавен Интерен оглас бр.1/2026 за унапредување во Службата на Уставниот суд на Република Северна Македонија во звање советник на Судот (еден извршител), самостоен советник (еден извршители) и советник (еден извршители), со краен рок за пријавување 17 јули 2026 година, до 15:30 часот.

До крајниот рок, беа доставени вкупно 3 пријави од вработени со звање самостоен советник, советник и стручен соработник во Службата на Судот.

Врз основа на член 19 став 4 од Правилникот за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија, Комисијата за организациони и кадровски прашања го предложи вработениот од точка 1 од оваа одлука за унапредување од звање стручен соработник во звање советник за што е изготвен Извештај од спроведената постапка за унапредување во Службата на Уставниот суд на Република Северна Македонија по Интерниот оглас бр.1/2026 за унапредување во Службата на Уставниот суд на Република Северна Македонија Су.бр.780/2026 од 21 јули 2026 година.

Согласно предлогот на Комисијата содржан во Извештајот од спроведената постапка, Судот одлучи како во изреката на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 (осум) дена од нејзиното објавување на интернет страницата на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

**Претседател**
**на Уставниот суд на Република Северна Македонија,**
д-р Дарко Костадиновски